ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 03-223/2
ДАТА: 04.05.2020

# Извештај
## за проверка на квалитетот на извршените ревизии/оценка на контролите на квалитет (ОКК)

1. **Вовед**

1.1. Предмет на овој извештај е извршената проверка на квалитетот на извршената ревизија на успешност на тема: **„Реализација на високообразовниот кадар на пазарот на трудот во РСМ“.**

1.2. Проверката на ревизорското досие е планирана и извршена во периодот предвиден со Годишниот план за осигурување на квалитетот на ревизиите за 2020 година од страна на Бранислав Гулев, согласно Решението број 03 – 223/1 од 31.01.2020 година.

1.3. Проверката е извршена во периодот од 17.02 до 25.03.2020 година.

1.4. За проверката се користени пропишаните прашалници за осигурување квалитет на извршените ревизии: Фаза планирање – Прилог 1, Фаза извршување – Прилог 2 и Фаза известување – Прилог 3 од Упатството за осигурување квалитет на ревизиите.

1.5. Проверката е извршена со увид и анализа во работните документи и работните белешки од постојаното и тековното досие за ревизија, приложените и пополнетите програми и прашалници, како и друг вид на акти пропишани со методологијата на ДЗР.

1.6. Заради вонредната состојба со епидемијата корона вирус, не е одржан завршен состанок за презентирање на утврдените состојби, но сите констатации и препораки во писмена форма беа доставени до ревизорскиот тим во состав:

- М-р Цвета Ристовска, ПГДР,
- М-р Љубица Тошевска, раководител на ревизија,
- Христина Гочева - Начовска, самостоен ревизор,
- Албиона Мустафа Мухаџири, виш ревизор и
- Мумин Абдулаи, ревизор.

## 2. Квалитет на ревизорските постапки

Со извршената контрола констатирано е дека при спроведување на трите фази од ревизијата, планирање, извршување и известување користени се техники и постапки кои се пропишани со методологијата на ДЗР, но и нови методолошки документи кои се резултат на твининг проектот, а оваа ревизија се спроведе во рамките на истиот.

## 3. Контроли на квалитет

Во однос на контролите на квалитет констатирано е дека се воспоставени од страна на ПГДР и раководителот на тимот, но истовремено е констатирана не навременост во прикачување на документите во АМС системот. Ревизијата е извршена во период 22.10.2018 – 31.07.2019 година, а значаен број на документи се прикачени во месец февруари 2020 година.
На оваа констатација добиено е образложение од страна на ревизорскиот тим, според кое поголем дел од прикачените документи во месец 02/2020 година се однесуваат на материјали прикачени како „докази“, а дел се белешки кои во најголем дел се состојби кои се утврдени и во претходно навремено прикачени РБ, а подоцна сумирани во пропишани обрасци на BNAO.
Делумно се прифаќа образложението, затоа што се работи за повеќе документи кои со големо задоцнување од неколку месеци се прикачени во АМС системот. Оваа сугестија сметам дека е во прилог и на ревизорите, но и на ПГДР/РР заради целосна информација за навременост во извршување на работните задачи.

## 4. Коментар на раководителот на ревизијата

4.1. Од страна на ПГДР имаше коментар дека во текот на целата ревизија е спроведувана континуирана контрола во сите фази од ревизијата.

## 5. Заклучок

5.1.Со извршениот увид и осигурување на квалитет на приложената документација, сметам дека е неопходно да се нагласи следното:

- Применет е Прилогот 6а – Ризик за исполнување на ревизорска задача, кој не е составен дел на методологијата на Државниот завод за ревизија. Со оглед на фактот што се работи за ревизија во рамките на твининг проектот, добрите практики треба да се применат и вклучат како составен дел на методологијата на Државниот завод за ревизија;

- Во АМС системот е прикачен документот „Програма за извршување на ревизија на успешност“, како замена на претходно применетиот документ "Извештај од прелиминарно известување". Според образложенијата на ревизорскиот тим документот Програма за извршување на ревизија на успешност е работена по терк на BNAO, а поради тоа што според нивните

методолошки акти не се изработува Извештај од прелиминарно известување, може да се констатира дека е замена за истиот, со оглед на тоа што Програмата содржи делови од Извештајот од прелиминарно известување кој се применува во ДЗР, но без конкретни заклучоци од прелиминарното истражување. Во оваа ревизија беше применета бидејќи истата се спроведе како пилот ревизија во соработка со ВРИ на Република Бугарија, во рамки на активности утврдени со твининг проект.

За предметниот документ „Програма за извршување на ревизија на успешност“ треба да се донесе одлука дали ќе се вклучи во методологијата на Државниот завод за ревизија, како замена на постојниот „Програма за извршување на ревизија на успешност“.

- За анализа на ризиците прикачени се неколку документи:
  - Работен документ за идентифицирани ризици,
  - Работен документ за анализа и клучни ризици,
  - Ревизорски документ за документирање на ревизорски прашања и опфат на ревизија.

  Во наведените работни документи се повторуваат исти колони според содржината, како што се колони за: области, опис на ризик, причини, проблеми и последици.

  Во работниот документ за анализа и клучни ризици сметам дека колоните не се соодветно хронолошки поставени: подобро е колоната за „Адресирање на ризикот“ да биде пред колоната „Очекувани клучни контроли“.

Споредувајќи ги двата документа, Извештај од прелиминарно истражување и Предлог за ревизија на успешност, се доаѓа до констатација дека се повторуваат неколку точки од документите кои се со иста или слична содржина, како што се:

- Точките од Извештајот: „Тема на ревизија на успешност“, „Предлог на значајни области“ и „Заклучоци“ со
- Точките од Предлогот: „Тема на ревизијата“, „Утврдени области и значајни ризици“ и „Заклучоци“.

Со анализата и споредбата на содржината на двата документа произлегува потребата да се интервенира во методологијата, со цел одделни постапки да не се повторуваат, а документите да бидат поедноставни, разбирливи и пократки во презентирање на темата пред раководството, заради донесување на конечна одлука дали ревизијата треба да продолжи.

5.2. Врз основа на целокупниот увид во ревизорското досие на извршената ревизија констатирано е дека ревизијата е извршена согласно методологијата на BNAO.

Скопје, 29.04.2020

Проверувач:
Бранислав Гулев